СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.12-4902/ 3

Дата. 22-09-2023

**До**: Информативен центар

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Во врска со Барање за ревизија, доставено до МЖСПП, од страна на Здружение на граѓани за згрижување на бездомни животни "Бак и неговите крзнени пријатели", заведено под наш архивски број 12-4902/1 од 22.08.2023 година, Ве замолуваме да го објавите исходот, односно да го објавите одговорот од страна на Секторот за правни и општи работи по барањето за ревизија, на веб страната на МЖСПП со цел јавноста да има увид во истото.

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Ѓешева Ѓоргиевска

**Изработил:** Александар Стрезовски


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

12- 4902/2

20. 09. 2023

**ДО**
Здружение на граѓани за згрижување и помошна бездомни животни "Бак и неговите крзнени пријатели"

**ВРСКА:** 12-4902/1

**ПРЕДМЕТ:** Известување по барање за ревизија

Почитувани,

Во врска со Вашето барање да извршиме ревизија на Договор склучен помеѓу Општина Велес со ЈПЗБК Стационар – Лана Струмица заведен под број 05-1534/8 од 20.04.2023 година, Ве известуваме за следното.

Со оглед дека барате да се изврши увид и контрола на Договорот кој што Општина Велес го има склучено со ЈПЗБК Стационар – Лана Струмица под број 05-1534/8 од 20.04.2023 година, од причина што стационарот Лана е формиран за вршење на дејност од јавен интерес на подрачјето на Општина Струмица и истиот не може да се јавува на тендер објавен од друга општина на територијата на РСМ без согласност на Советот на општина Струмица и договор за меѓуопштинска соработка, Ве известуваме дека во член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник" 79/2009) е предвиден начинот на воспоставување на меѓуопштинската соработка кој гласи:

**II Воспоставување на меѓуопштинска соработка**

Член 4

(1) Меѓуопштинската соработка се воспоставува заради заедничко вршење работи од надлежност на општините, вршење на заеднички работи и остварување на заеднички интереси и цели.

(2) За остварување на заеднички интереси и цели во вршењето на надлежностите, општините здружуваат финансиски, материјални и други средства.


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

(3) Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Согласно член 39, став (1) од Законот за меѓуопштинска соработка, надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството за локална самоуправа.

## VI. НАДЗОР

Член 39

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството за локална самоуправа.

(2) Министерството за локална самоуправа изготвува и доставува до Владата на Република Македонија годишен извештај за остварување на меѓуопштинска соработка.

Земено во предвид горенаведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање нема законски основ да изврши ревизија на цитираниот договор, согласно Законот за локална самоуправа надлежно министерство кое треба да постапи по Вашето барање претставува Министерството за локална самоуправа.

**Министер**
**Каја Шукова**

Изработил: Александар Стрезовски
Контролирал: Кузман Куновски
Одобрил: Билјана Тешева Ѓорѓиевска
**Согласен: Државен секретар**
**Nebi Rexhepi**


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk